**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 19,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Република Македонија. Пратениците: Стојан Андов, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Лилјана Поповска, Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски, Радмила Шекеринска, Хисен Џемаили и Љубисав Иванов Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да преминеме на дневниот ред, имам предлог точките 37, 38 и 39, да се гледаат пред точките 35 и 36.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предлогот гласаа 61 пратеник.

59 пратеници гласаа за, воздржани нема, против 2.

Членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот гласаа вкупно 61 пратеник, за гласаа 59, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека е прифатен предлогот точките 37, 38 и 39 да се разгледуваат пред точките 35 и 36.

За процедурално се јави госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Заради дополнителни консултации во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, барам половина час пауза.

**Трајко Вељановски:** Ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 20,00 часот.

(Пауза од 19,20 часот)

(По паузата сдницата продолжи со работа во 20,46 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 37 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам пререс по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор се јави министерот за труд и социјална политика, повелете министре.

**Љупче Мешков:** Во рамките на политиката на Владата за стимулирање, односно за надминување на неповолните состојби во однос на демографскиот развој, односно демографската политика во Република Македонија и стимулирање на наталитетот во државата, поаѓајки од показателите од Заводот за статистика дека во тој поглед е алармантна состојбата, се предлагаат измени во Законот за социјалната заштита, со тоа што во Законот се додава ново право кое се вика право на парична помош на мајка која родила четврто дете. Ова право ќе го имаат мајките кои што после 1 јануари 2009 година ќе имаат првородено дете и кои ќе се грижат до неговата 18 годишна возраст, што значи дека по наполнување на 62 години живот кои што се години  за остварување и право на пензија за жена, практично ќе можат да сметаат дека ќе бидат социјално згрижени и обезбедени по овој основ кога ќе наполнат 62 години. Значи, тоа е случајот кога немаат право на пензија. Значи, преку ова право практично тие ќе бидат социјално обезбедени кога ќе наполнат 62 години на живот. Висината на ова право е 50% од просечно остварената плата во Република Македонија. И тука да потенцирам дека ова се однесува практично за сите родители на целата територија на Република Македонија без оглед во која општина, или каде живее мајката.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател, навистина би сакал законот да биде добар така како што го претстави министерот. Меѓутоа, за жал не е токму таков, така како што тој кажа и така како што тој го протолкува овој Предлог закон. Ова го велам затоа што овој Предлог закон не ги става на исто рамниште граѓаните на Република Македонија. Ова го велам не врз етничка основа, туку граѓаните на Република Македонија независно од тоа на која заедница и припаѓаат не се на рамноправно рамниште, така што се дискриминираат граѓаните само заради фактот што некој живее во оваа, или во онаа општина, нешто за што мислам дека не е во ред. Со еден посериозен пристап ние денес би изгласале закон кој што навистина ќе ги мотивираше граѓаните не само во општините каде

што прирастот е опаднат, туку треба да бидеме коректни и да гледаме пред нас дека на целата територија на Република Македонија во сите општини имаме пад на наталитетот. Така што во оваа насока треба да се стимулираат сите граѓани без оглед на тоа кој во која општина живее. Јас сум длабоко убеден дека Уставниот суд овој Предлог закон ќе го врати назад од причина што е закон кој што е дискриминаторски и не е во согласност со Уставот на Република Македонија. Јас нема да подржам еден ваков Предлог закон кој што ги дискриминира граѓаните на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Благодарам претседателе,

Сакам да кажам дека зборуваме за Законот за социјална заштита, а не за детска заштита. Во овој закон нема општини под 2, или над 2. Овде се однесува правото за сите граѓани на Република Македонија. Затоа сакав да кажам дека моето излагање беше на место и беше во согласност со предложениот закон.

**Трајко Вељаноски:** Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од нив 69 гласаа за, воздржани нема, 2 пратеници гласаа против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се изјаснат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Дали некој има против? (Нема).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 71 пратеник, од нив 69 гласаа за, нема воздржани, 2 гласаа против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита..

**Минуваме на точка 38 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 во Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам пререс по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Светлана Јакимовска поднесе амандман на член 6 на новиот член 30-б за додавање нов став 5 по ставот 4 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Тахир Хани, Ермира Мехмети, Џемаил Јашари, Сафет Незири, Хајрула Мисини, Феми Јонузи и Јулиета Марку поднесоа амандман на член 6 на новиот член 30-а став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандмнаот на член 6 на новиот член 30-а став 1 поднесен од пратениците Тахир Хани, Ермира Мехмети, Џемаил Јашари, Сафет Незири, Хајрула Мисини, Феми Јонузи и Јулиета Марку.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и соцвијална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот е да се бришат зборовите "второ дете". Значи, да се добива надоместокот само за трето и четврто родено дете и тоа само за општините, се разбира во кои природниот прираст е под 2,1%. Значи, би можел овој амандман да биде прифатлив, до колку да речеме наместо за второто дете да не се брише, да останат зборовите, со тоа што може да се намали времекористењето на правото на 9 месеци, затоа што не би било логично да се добива надоместок за трето и за четврто родено дете, а да не се добива надоместок за второ родено дете. На тој начин мислам ќе изгубат мајките, практично без оглед во било која општина живеат, значи имаме ние и македонски општини каде што имаме наталитет да речеме под 2,1 или над 2,1 и обратно. Значи, затоа сметаме дека е нелогично да се избрише "второ дете", паричниот надоместок да се добива само за трето и четврто дете, а не и за второ. На тој начин би изгубиле сите мајки со второ дете. Значи, разликата кај трето родено дете е да може правото да го користи 10 години, кај четврто родено дете правото да го користи 15 години. Овде кај второ родено дете правото е многу пократко, користењето е 12 месеци и затоа сметаме дека не би било во ред и нема некоја поголема логика да остане трето и четврто, а да не се дава за второ родено дете.

**Трајко Вељаноски:** Јас како што разбрав министре, вие би го прифатиле амандманот со одредена корекција која што вие ја кажавте. Затоа би сакал сега пред да дадам согласно Деловникот право за пријавување на збор, предлагачите да се произнесат дали ја прифаќаат преформулацијата на амандманот што е направена од страна на министерот.

Има збор господинот Тахир Хани, повелете.

Ве молам господине Тахир Хани, произнесете се по однос на предлогот за преформулацијата на амандманот која што ја даде министерот.

**Тахир Хани:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, парламентарната група на Демократската унија за

интеграција интервенираше амандмански што се однесува на Законот за заштита на децата. Со овој амандман ние сакавме да го изразиме нашето незадоволство што се прави од страна на Владата, демографска политика само за еден дел од територијата на државата, при што ние сакавме Владата да има политика за демографски развој на целата територија на Република Македонија. Меѓутоа, од причина што имавме чести средби, дојдовме до заклучок и дојдовме до договор да прифатиме за второто дете да имаме дополнителен надоместок. Затоа јас се согласувам со предлогот на претставникот на Владата.

Го прифаќаме амандманот со формулацијата која што ја даде претставникот на Владата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека е прифатен амандманот согласно преформулацијата која е направена од министерот за труд и социјална политика.

Отворм претрес по амандманот на член 6. на новиот член 30-б за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа. Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тахир Хани поднесе амандман на член 3 став 1 и на член 6 на новиот член 30-а ставови 1 и 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1 поднесен од пратеникот Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа. Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 на новиот член 30-а ставови 1 и 6, поднесен од пратеникот Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

Претходниот амандман се однесуваше на член 3 став 1.

**Љупче Мешков:** Претходно распававме околу второ, трето и четврто дете и рековме, ако го преформулираат амандманот за второ дете, значи, да остане “второ дете” но наместо една година да се користи 9 месеци.

**Трајко Вељаноски:** Првиот амандман беше поднесен од повеќе предлагачи и затоа е различен и мора да се произнесувате по секој амандман. Овде предлагач е само господинот Тахир Хани. Таму беа предлагачи повеќе пратеници. Затоа вие треба да се произнесете.

**Љупче Мешков:** Во ред. Се произнесувам, исто како и претходно. Значи, може да биде прифатлив амандманот доколку предлагачот се согласи времетраењето на користење на правото за второ дете наместо 12 да биде 9 месеци.

**Тахир Хани:** Во однос на овој амандман мислам дека се говори за претходниот договор кој се склучи, наместо да се избрише реченицата за второ дете, тоа да се преформулира и второто дете да има право на додаток за 9 месеци.

**Трајко Вељаноски:** Значи, јас како што разбрав дека е прифатен амандманот согласно преформулацијата што е направена од министерот и таа преформулација е прифатена од предлагачот.

Со оглед на тоа, констатирам дека е прифатен амандманот и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот, согласно преформулацијата што е направена од министерот за труд и социјална политика.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника. Сите 73 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Дали има некој против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 73 пратеника, сите 73 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република

Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Со оглед на тоа дека треба да се рестартира системот јас би предложил следново, бидејки гласањето во однос на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да биде извршено со кревање на рака.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Прелдогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Дали некој е воздржан? (Никој)

Дали некој е против?

1 пратеник е против.

Вкупно гласаа 21 пратеник. Од нив за гласаа 20 пратеници, воздржан нема, 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака. (Никој)

Дали некој е воздржан? (Никој)

Дали има некој против? (Никој)

На седницата присуствуваат 21 пратеник кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 20 пратеници, воздржан нема, 1 гласаше против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата.

Со оглед на тоа дека мора да се рестартира системот, објавувам пауза до 21,15 часот.

(по паузата)

**Трајко Вељаноски:** Продложуваме со работа.

**Минуваме на точка 39 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравстевеното осигурување.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Тахир Хани, Ермира Мехмети, Џемаил Јашари, Сафет Незири, Хајрула Месини. Феми Јунузи и Јулиета Марку, поднесоа амандман на член 2 на новиот член 23-а став 1 по кој Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандман на член 2 на новиот член 24 -а став 1, поднесен од пратениците Тахир Хани, Ермира Мехмети, Џемаил Јашари, Сафет Незири, Хајрула Месини. Феми Јунузи и Јулиета Марку.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

**Трајко Вељаноски:** Иам збор господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Амандманот го повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Пратеникот Тахир Хани поднесе амандман на член 2 на новиот член 24-а став 1 на првиот ред по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 на новиот член 24-а став1 на првиот ред , поднесен од пратеникот Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревик:** Благодарам претседателе,

Амандманот не се прифаќа. Би сакал да дообјснам само дека овие законски измени пред се се наменети со цел да помогнат на оние семејства во оние општини каде што покрај сиромаштијата се соочуваат со проблеми да го зголемат своето семејство и во тој контекст практичНо и самата промена со цел да се овозможи за првото живородено дете да има семејството можност да го одгледа без некои поголеми финансиски проблеми. Конкретниот амандман се однесува на можноста со паричен надоместок да се подржат и третото и четвртото дете, што е практично спротивно од идејата на самиот предлагач, поточно на Владата и би било спротивно во контекст на претходните измени кои што веќе се донесоа со другите закони.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Амадманот го повлекуваме и другите наредни амандмани исто така ги повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирма дека амандманот е повлечен.

Инаку, јас, еве служвите нека ме информираат, јас не незнам дека има други амандмани понатаму. Два амандмани беа, двата амандмани ги повлековте.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

**Минуваме на 35-та точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот следење на комуникации.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 1 од амандманот 19 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 19 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници. Со оглед на тоа дека потребно е најмалку двотретинско мнозинство, односно најмалку 80 пратеници, не можам да го ставам предлогот на гласање.

За процедурално се јави госпоѓа Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, пред да се затвори расправата, барам уште 5 минути пауза за дополнителна координација.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам во однос на продолжението на оваа седница, сега сме 21,30 ја прекинувам седницата и продолжуваме во 21,40.

(по паузата)

**Трајко Вељаноски:** Пак би ги замолил службите да утврдат точен број на пратеници за да видиме дали има доволно број на пратеници за да може да се премине на гласање, со оглед на тоа што е потребно најмалку 80 пратеници за да се премине на гласање.

Службите да утврдат точен број на пратеници.

Во салата се присутни 65 пратеници, нема доволно пратеници за да може да се премине на гласање.

Ја прекинувам овде седницата и накнадно ќе биде закажана седницата кога ќе има доволен број на пратеници од најмалку 80 за да се пријде на гласање. Со оглед на тоа, ја прекинувам седницата и како што сте претходно информирани утре имаме нова седница, седница број осум во 17,00 часот Избор на Влада.

(Седницата прекина со работа во 21,41 часот)